Бр. 03-459/1
02.10.2020

Врз основа на член 42 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Службен весник на Република Македонија бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18, 101/19 и 275/19), Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Службен весник на Република Северна Македонија бр.218 од 11.09.2020 година), ЈП ХС Злетовица-Пробиштип, објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

## За избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

Критериум за избор на правно лице е рокот за преземање на движните ствари предмет на јавниот повик.

Преземањето на движните ствари е без надомест.

Избраното правно лице на јавниот повик има обврска да изврши преземање на движните ствари предмет на јавниот повик од наведените локации и истите да ги транспортира како отпад на соодветен начин, согласно законските прописи.

Движните ствари се наоѓаат во просторија во зградата на ЈП ХС Злетовица на ул: Цветко Тонев бр 3А Пробиштип.

Право на учество на јавниот повик имаат сите домашни правни лица, кои посеудваат важечка Дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, издадена од надлежен орган.

Лице за контакт во врска со јавниот повик: Стоименовски Александар, тел. за контакт 071/315-439, e-mail stoimenovskialeksandar@yahoo.com.

Подетални информации за движните ствари (листа на движни ствари), како и потребната документација во врска со јавниот повик може да се подигне лично од архивата на ЈП ХС Злетовица Пробиштип, ул.Цветко Тонев бр.3А Пробиштип или електронски, од веб страната на ЈП ХС Злетовица www.hszletovica.com.mk

Краен рок за доставување на пријавите за учество е 09.10.2019 година до 10 часот.

Пробиштип

ЈП ХС Злетовица
Директор
Миле Илиевски

ХС "ЗЛЕТОВИЦА" Пробиштип